Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 09.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6336 | 1 | |

15:36

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, бр.10-6282/1 од 07.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен с Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, бр.10-6282/1 од 07.12.2016 година, емитуван во периодот од 2 до 6 декември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) е член 76 став 2 од Изборниот законик („Во сите облици на платено политичко рекламирање нарачателот на рекламирањето мора да биде јасно означен").

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, бр.10-6282/1 од 07.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 76 став 2 од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, бр.10-6282/1 од 07.12.2016 година, емитуван во периодот од 2 до 6 декември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, бр.10-6282/1 од 07.12.2016 година, Привремената комисија констатираше дека Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, во рамките на својот програмски сервис емитуван во периодот од 2 до 6 декември 2016 година, на државно ниво, спротивно на одредбите од член 76 став 2 од Изборниот законик, емитува платено политичко рекламирање без да го означи нарачателот.

Прекршокот е констатиран и е специфициран (по опис на констатации од надзорот, датум на прекршок, период на емитување на платеното политичко рекламирање, политички субјект и опис) во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, бр.10-6282/1 од 07.12.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот".

Врз основа на предходно наведеното, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат, Привремената комисија за следење на медиумското претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири
2. Слаѓана Димишкова
3. Љубомир Костовски
4. Горан Трпеноски
5. Цветин Чилиманов